517.


**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА Скопје

19. XII. 1965, 6888,5


### НАСТАПОТ НА 13 УМЕТНИЦИ ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА

# ИЗГЛЕДОТ НА ЕДНА ИЗЛОЖБА

Во Уметничката галерија на Скопје, дниве е отворена изложба на тринаесет македонски уметници кои живеат во Скопје. Се разбира, организаторите на оваа манифестација немале некоја одредена намера да прикажат извесен аспект на скопското ликовно творештво, ниту пак некоја друга цел или тенденција, туку нејзиното отворање дојде, така да се рече, сосем случајно.

Пред да влеземе во изложбениот салон (поради бројот на излагачите, што е ни мал, ни голем, и можеби затоа го привлекува вниманието), ние очекуваме нешто навистина необично, нешто што ќе ги ликвидира методите на досегашните случајни настапи, или барем што ќе сугерира појава на некој нов начин на излагање, но за жал, кога ќе фрлиме само еден бегол поглед врз изложбените дела, ќе се сретнеме со истите клучни проблеми што ѝ создавале непожелен бедем на нашата ликовна активност.

Главната цел на секој организатор, покровител и закрилник на ликовни изложби кај нас до сега имаше само еднострен повод и стихиен карактер, односно, требаше да се приреди изложба на слики или на склуптури, од еден или од повеќе автори, но каква ќе биде независната физиономија, квалитетот, формата, проблемите на аранжирањето и воопшто каква ќе биде внатрешната и надворешната суштина на изложбата, сето тоа секогаш остануваше на спореден, па и на последен план.

**Изложбата не форсира ни некаква целосна тенденција ниту пак некаков посебен стремеж. Делата што ги гледаме сме ги виделе на поранешни изложби...**

Ете, да ја земеме за пример оваа последна изложба што е организирана од страна на скопската Уметничка галерија. Прво, зошто излагаат само тринаесетмина? Кој може да оспори, дека тука спокојно можеле да учествуваат уште пет-шестмина, па и повеќе автори, или обратно, можеше да се случи двајца-тројца, па и повеќе од тие што учествуваат сега, воопшто да не учествуваат. Значи изборот на авторите е сосем релативен.

Второ, зошто токму со овие дела се претставуваат учесниците? Дали можеа половината од нив да се заменат со други, а притоа ништо особено да не се измени од карактерот, односно од изгледот на изложбата? И оваа претпоставка никој не може да ја оспори. Значи и изборот на делата е сосем релативен.

Добро, кога во целина изложбата не е оправдана, таа можеше да најде решение и излез во извесен посебен облик, на пример можеше да се стави во служба на форсирање на поедини учесници, или на поедини дела. Принудени сме да признаеме, дека ни во тој однос не е сторено ништо особено. Заклучокот е доста суров: изложбата не форсира ни некаква целосна тенденција, ниту пак, некаков посебен стремеж. Односно, поинтересните дела што ги среќаваме тука, веќе ги имаме порано видено, на самостојни или на групни настапи, и сигурно не се одликуваат со таква вредност, та да можеме постојано да ги гледаме.

Најпосле, еве од кои уметници е составена оваа изложба: Од сликарите се застапени следниве: Миле Корубин, Петар Мазев, Ванчо Георгиев, Спасе Куноски, Никола Мартиноски, Иван Велков, Глигор Чемерски, Илинка Глигорова и Пецо Видимче; од скулпторите: Димче Тодоровски, Јордан Грабулески и Боро Митриќески, а со цртежи е застапен младиот скулптор Стефан Маневски. Графиката, како и обично, и овојпат е заборавена ликовна дисциплина.

Паскал ГИЛЕВСКИ

